МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛЕКАРИТЕ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА / / СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ASSOCIATION OF GP / FM DOCTORS OF REPUBLIC OF MACEDONIA

III КОНГРЕС НА ЛЕКАРИТЕ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА / СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО
III CONGRESS OF GP / FM DOCTORS OF REPUBLIC OF MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS



Охрид, 26 – 29 Април 2012 година
Ohrid, April 26 – 29, 2012

Македонски медицински преглед
Списание на Македонското лекарско друштво
Год: 66 (supl. 84), стр. 1 – 232, 2012

# СТАТИСТИЧКИ ПРИКАЗ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ БОЛНИ ОД МАЛИГНА НЕОПЛАЗМА НА ЖЕЛУДНИК СПОРЕД МКБ 10 РЕВИЗИЈА (C16.0 – C16.9) ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН (2006 – 2010)

**Малинска П.**, Пејчиновски Г., Брчина И., Пејчиновска Р.
*Центар за јавно здравје Скопје, ГОБ „8 септември", Скопје, Р. Македонија*

**Цел**: Статистички приказ на пациенти лекувани во болниците во Скопје со малигна неоплазма на желудник.

**Материјал и метод**: Индивидуални извештаи за стационарно лекувано лице (Обр. бр. 3-21-61А) со клиничка дијагноза (C16.0 – C16.9) според МКБ 10 Ревизија.

**Статистички метод на работа**: Обработка на дата бази на 2.741 Индивидуални извештаи од 2006 до 2010 година.

**Резултати и дискусија**: Во анализираниот период во болниците во Скопје од вкупно лекуваните пациенти со клиничка дијагноза неоплазми C00-D48, биле 4,8%, додека дијагнозите со шифрите C00-C97 биле застапени со 3,6%. Нивното просечното траење на лекување изнесувало 23,15 дена.

Морбидитетот од неоплазмите C00-D48 на 1.000 жители во Скопје е највисок во општините Центар, Кисела Вода и Карпош.

Од вкупниот број на лекувани болни во истражуваниот период 0,6% отпаѓаат на карциномот на желудник.

Во однос на половата структура кај пациентите со дијагноза карцином на желудник 65,0% се мажи и 35,0% жени. Најчесто застапена возрасна структура е од 60 до 69 години со 32,6%. Возраста на пациентите од 30 до 39 години во 2010 година е 5 пати повеќе застапена во однос на 2006, додека возраста од 20 до 29 години е 2 пати повеќе застапена. Во истражувањето просечното траење на лекување кај пациенти со карцином на желудник изнесува 19,5 дена.

**Заклучоци**: Во 2010 година бројот на пациенти со клиничка дијагноза: малигномот на желудник е за 27,6% зголемен во однос на 2006 година.

Во однос на локализациите според МКБ 10 Ревизија со највисок процент се пациенти со карцином на кардијален отвор, кардио-езофагиален спој, препилорус, препилоричен канал и мала кривина на желудникот.

Просечно траење на лекување кај пациенти со карцином на желудник во 2010 година е намалено за 1 ден во однос на 2007 и за 3 дена во однос на 2009.

**Клучни зборови**: малигни неоплазми, желудник, хоспитализирани болни